Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-476/1 од 28.6.2024 година, поднесена од [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-476/2
22-07-2024
20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 28.6.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на јазик, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, возраст и родов идентитет во областа на работа и работни односи, образование, наука и спорт, социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита и домување, против Мифтенство и Исламска верска заедница и Центар за социјална работа Скопје, вклучително и лица вработени во наведените институции.

Подносителката на претставката наведува дека се стекнала со диплома за теологија во училиштето „Медресеја Иса Беу“, при што тврди дека и покрај нејзиното образование, нејзе не ѝ овозможуваат да предава во џамија. Во продолжение на претставката, истакнува дека од страна на лицето [redacted] ѝ било укажано да побара потврда за помош за студирање на Факултетот за исламска наука, при што по поднесувањето на писмено барање за истото, ѝ било кажано дека ќе биде известена за исходот од барањето, за што подносителката тврди дека никогаш не добила одговор. Во врска со претходно наведеното, подносителката наведува дека ѝ биле побарани повеќе од 400 евра, па поради непоседување на конкретните финансиски средства, ги повлекла документите за пријавување.

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде од наводите во претставката утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20), која гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други*.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

22.7.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]